**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203 – 190/6**
**Скопје, 14.07. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕБАРЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Дебарца за 2008 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Дебарца за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Којчиноски Љупчо, Градоначалник на Општина Дебарца во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 11.05. до 20.05.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.



*Овластен државен ревизор*
______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Дебарца со состојба на 31.12.2008 година не е целосно извршен, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и тоа не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2008 година. Ова е резултат на неправилна примена на законските прописи и придонесува за нереална проценка на билансните позиции а со тоа и до нереални финасиски извештаи.

**Препорака**
Пописната комисија да врши попис на обврските согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**10.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.2.1 Исплатени се средства од позициите: Трансфери до невладини организации и Разни трансфери во вкупен износ од 699 илјади денари и тоа за: здруженија на граѓани, спортски клубови и месни заедници. Одобрувањето на овие средства се врши по поединечни барања, без претходно донесена Програма од страна на Советот на општината со утврдени цели и активности и распишан оглас за распределба на средствата со утврдени критериуми. Не се бара годишна програма на барателите, како и повратно известување за намената за која средствата се искористени.
Непостоењето на акт со утврдени критериуми за користење и доделување средства создава можност за субјективност во одлучувањето за доделување средства, нетранспарентност при користење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за здруженија на граѓани и фондации.

10.2.2 Од позицијата Социјални бенефиции исплатени се средства во износ од 125 илјади денари за помош на социјално загрозени граѓани како еднократна парична помош.
Општината нема донесено Програма за активностите во областа на социјалната заштита во 2008 година, за доделување средства за помош со утврдени критериуми и постапки во однос на видот на помошта (намени за доделување средства и висината на доделената помош). Непостоењето акт со утврдени критериуми за користење и

доделување средства за социјална заштита создава можност за субјективност во одлучувањето за доделување средства, нееднаков третман на барателите и нетранспарентност при користење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита.

**Препорака:**
Одделението за правни и нормативни работи да изготви, а Советот на општината да донесе програми од обласа на социјалната заштита, спортот, културата и општи акти во кој ќе се утврдат критериумите и постапката за доделување на средства со кои ќе се обезбеди транспарентност при доделувањето на средствата за парична помош на физички лица и финансирање на: спортски клубови, културно уметнички друштва, здруженија на граѓани, хуманитарни организации.

10.2.3. Општина Дебарца во 2008 година има ангажирано лица по договор за дело за извршување на работи и работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација, што е спротивно на Законот за работни односи. По овој основ е исплатен надоместок во износ од 75 илјади денари со пресметан и платен персонален данок на доход. Надлежните во општината биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања. Непочитувањето на законските одредби има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2008 година.
Ревизијата не дава препорака поради тоа што општината ја има надминато оваа неправилност, едно лице е вработено на неопределено работно време во декември 2008 година, со другото лице договорот не е продолжен.

10.2.4. Приходите и расходите во Билансот на приходи и расходи на сметката на Органот на општина Дебарца се пресметковно прикажани во износ од 2.716 илјади денари, кое е утврдено со наодот во точка 10.2.1. во Извештајот за извршената ревизија на Буџетот на Општина Дебарца.

**10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. Општина Дебарца во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението број 23-257/81 и број 23-257/82 од 08.02.2000 година за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Дебарца врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Влада на Република Македонија. Поради тоа искажената состојба на материјалните средства на 31.12. 2008 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на истите.
За имотот со кој располага општината и е во нејзина сопственост, не е извршена проценка на нивната вредност и не се обезбедени имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија.

**Препорака:**
До обезбедување имотни листи за имотот добиен со решение од Влада на Република Македонија, да се изврши проценка на имотот согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, а одделението за сметководство да изврши вонбилансно евидентирање на истиот.

10.3.2. Позициите Краткорочни обврски спрема добавувачите и Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените и Активни временски разграничувања во Билансот на состојба на 31.12.2008 година, се нереално и необјективно проценети, односно искажани се во помал износ за 966 илјади денари за следното:

- не евидентирани обврски за 2008 година во вкупен износ од 374 илјади денари, по фактури, кои се примени во месец јануари 2008 година, а се од месец декември 2008 година.
- за пресметани бруто плати за месец декември 2008 година, износ од 481 илјади денари, и
- за надомест за советници за месец декември 2008 година, износ од 111 илјади денари.

**Препорака:**
Одделението за сметководство проценувањето на позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите и други обврски спрема вработените да го врши согласно Правилникот и Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**10.4. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2008 година ревизијата утврди непрменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

10.4.1. Во текот на 2008 година спроведена е јавна набавка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас за услуги, за изработка на План и Програма за управување со отпад за општина Дебарца. Средствата се обезбедени од Министерството за животна средина и просторно планирање со договор за доделување на финансиски средства, за што е склучен договор за цесија меѓу општина Дебарца, министерството и изработувачот на вкупен износ од 496 илјади денари. Набавката не е предвидена во планот за јавни набавки и постапено е спротивно на член 26 од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**
При изготвување на Планот за јавни набавки да се планираат и активностите за кои општината е должна да ја спроведе јавната набавка а средствата се обезбедени од други субјекти.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во наодите од точките 10.2.4. и 10.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Дебарца под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за наодите во точка 10.2.1., 10.2.2. и 10.4., кај Органот на Општина Дебарца за 2008 година, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

**13. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Дебарца во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**13.1. Корекции кај Билансот на состојба**

Вкупните ефекти од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата во Билансот на состојбата, се однесуваат на зголемување на ставката Градежни објекти и Извори на средствата износ од 2.278 иљади денари.

Скопје, 07.07.2009 Овластен државен ревизор

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕБАРЦА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 21,079 | 18,189 |
| **Вкупно приходи** | | **21,079** | **18,189** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 5,601 | 4,139 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 56 | 58 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 6,706 | 7,272 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 844 | 938 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 125 | 104 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **13,332** | **12,511** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 7,747 | 5,678 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7,747** | **5,678** |
| **Вкупно расходи** | | **21,079** | **18,189** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕБАРЦА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 12 | 486 |
| **Вкупно тековни средства** | | **12** | **486** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 2,842 | 346 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2,842** | **346** |
| **Вкупна актива** | | **2,854** | **832** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 12 | 486 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **12** | **486** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 2,842 | 346 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2,842** | **346** |
| **Вкупна пасива** | | **2,854** | **832** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕБАРЦА**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА**
**ЗА 2008 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **346** | **346** |
| **Зголемување по основ на:** | **2,644** | **2,644** |
| | | **-** |
| Набавки | 366 | **366** |
| Исправки по ревизија | 2,278 | 2,278 |
| **Намалување по основ на:** | **148** | **148** |
| Амортизација | 148 | 148 |
| Исправки по ревизија | | - |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **2,842** | **2,842** |


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

***Овластен државен ревизор***